Архивски знак: 0807
Рок на чување: 10 год.
2016 година
Потпис:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), по овластување на директорот на Царинската управа број 04-052482/16-0002 од 26.07.2016 година година, помошник директорот за Сектор за финансиски прашања донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-001877/16-0023 од 26.07.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена отворена постапка со оглас број 05/2016 за доделување на договор за јавна набавка на гориво за возила и агрегати со безготовинско плаќање, како најповолен понудувач се избира:

МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001877/16-0002 од 22.04.2016 година, и Одлука за измена и дополна на Одлука за јавна набавка број 05-001877/16-0026 за набавка на гориво за возила и агрегати со безготовинско плаќање.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ износ до 25.486.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, и тоа:

- средства во износ од 8.495.333,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637-16, програма 20, ставка 421,
- средства во износ од 8.495.333,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637-16, програма 20, ставка 421,

- средства во износ од 8.495.334,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637-16, програма 20, ставка 421.

Јавната набавката се спроведе со отворена постапка, во хартиена форма и со покана за поднесување на конечна цена преку ЕСЈН како последна фаза од постапката, согласно член 37, член 64 и член 125-а од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001877/16-0023 од 26.07.2016 година со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере единствениот понудувач МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје (ЕДБ 4030954258093 / ЕМБС 4057643), со доставена понуда број 05-001877/16-0016 од 18.07.2016 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето.

Букка Милошева
Помошник директор

Бр. 05-001877/16-0028
Скопје, 29-07-2016 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, члновите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Џутески